# ПРАВИЛНИК за спроведување на даночните поттикнувања кај данокот на додадена вредност (ДДВ) за донациите во јавните дејности

**(“Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/2007и 72/2008)**

**Важи од 12.06.2008 година**

## Член 1

Со овој правилник се уредува спроведувањето на даночните поттикнувања кај данокот на доделена вредност за прометот на добра и услуги извршени за реализација на донацијата.

## Член 2

Даночните поттикнувања се остваруваат со обезбедување средства од Буџетот на Република Македонија за плаќањето на данокот на додадена вредност за прометот во земјата искажан во фактурите за реализирање на донацијата.

## Член 3

(1) За обезбедување средства од Буџетот на Република Македонија за плаќање на данокот на додадена вредност се доставува поднесок до Министерството за финансии.

(2) Со поднесокот од став 1 на овој член се приложуваат следните документи:

1. Барање за обезбедување средства од Буџетот на Република Македонија за плаќање на на данокот на додадена вредност за прометот на добра и услуги во земјата финансиран со парични средства од донациите во јавните дејности, кое се поднесува на образец АЗ-Д, и се доставува во два примерока,

2. Фактура во оригинал за извршениот промет од вршителот на прометот, во која треба да се внесе бројот и датумот на решението донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата и името на примателот на донацијата, а износот на данокот на додадена вредност да е искажан во денари,

3. Копија од решението донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата, и

4. Копија од договорот за донацијата помеѓу давателот и примателот на донацијата .

(3) Образецот АЗ-Д е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Износот на пресметаниот данок на додадена вреднсот во фактурата за прометот во земјата при реализирање на донацијата од член 1 на овој правилник се уплатува со налог за јавни приходи (Образец ПП-50) на Трезорска сметка 100000000063095 - Народна банка на Република Македонија, уплатна сметка 840 - (ознака на општината) - 02902, цел на дознака: ДДВ по основ на донации, приходна шифра: 714119.

**Член 5**

(1) За остварување на ослободувањето од данокот на додадена вредност на надоместоците за комуникациска услуга која се користи за донирање согласно членот 15 став 3 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, се користат поединечни броеви од форматот на броеви за услуги со посебна цена на чинење на повикот кон тие броеви според Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија и тоа:

а) негеографски броеви од серијата 05 за оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на јавни електронски комуникациски услуги и даватели на услуги и

б) серија на броеви за посебни услуги, со почетни две цифри 14.

(2) Правото на одбивка на претходниот данок, согласно Законот за данокот на додадена вредност, се остварува само за оној дел кој отпаѓа на надоместокот за комуникациската услуга од став 1 на овој член.

(3) Доколку надоместокот за комуникациска услуга е платен во бруто износ на корисникот на услугата му припаѓа износот на веќе платениот данокот на додадена вредност што одговара на донираниот износ.

**Член 6**

Лицето задолжено за спроведување на донацијата за секоја измена во врска со донацијата треба да го информира Министерството за финансии.

**Член 7**

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилник за спроведување на даночните поттикнувања кај данок на додадена вредност (ДДВ) за донациите во јавните дејности (Службен весник на Република Македонија број 90/2007).

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**Бр. 11-22452/2**

**10 јуни 2008 година**

**Скопје**

**МИНИСТЕР,**

**д-р Трајко Славески**